УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО/ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПАЦИЕНТОТ

HEPATHROMBIN H супозитории / ХЕПАТРОМБИН Х супозитории
heparin/prednisolone/polidocanol
120 I.E./1.675 mg/30 mg

Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи тоа содржи важни информации за Вас.

- *Овој лек можете да го купите и без лекарски рецепт, за лекување на благи форми на болест без помош од Вашиот доктор.*
- *Внимателно користете го овој лек како би се постигнале најдобри резултати.*
- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е пропишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури ако нивните симптоми се исти како Вашите.*
- *Ако Вашата состојба се влоши обавезно консултирајте се со Вашиот доктор.*
- *Овој лек не треба да го користите подолго од 7 дена.*

Упатството содржи:

1 Што претставува Hepathrombin H, супозитории и за што се употребува
2.Што мора да знаете, пред да го употребите лекот Hepathrombin H, супозитории
3. Како да го употребувате лекот Hepathrombin H, супозитории
4.Можни несакани дејства на лекот Hepathrombin H, супозитории
5.Чување и рок на употреба на лекот Hepathrombin H, супозитории
6.Дополнителни информации

1. ШТО ПРЕТСТАВУВА HEPATHROMBIN H И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Како делува HEPATHROMBIN H ?

Лекот Hepathrombin H, супозитории како активни супстанции содржи хепарин натриум, преднизолон и полидоканол. Оваа комбинација на лековити супстанции делува во аноректалната регија и ефикасно ги отстранува пратечките симптоми и последици на хемороидите (проширени вени) како што се јадеж, жарење, пецкање, болки и влажење. Hepathrombin H содржи чист хепарин и го спречува згрушувањето на крвта во хемороидите. Преднизолонот во составот на лекот делува антиинфламаторно (против-воспалително), а полидоканол манифестира локален анестетички и антипруригинозен ефект (го одстранува јадежот).

Кога се употребува HEPATHROMBIN H?

Лекот Hepathrombin H супозитории се користи како краткотрајна симптоматска терапија на хемороиди и јадеж во перианалниот предел (подрачјето околу отворот на чмарот).

2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБИТЕ ЛЕКОТ HEPATHROMBIN H

Информирајте го Вашиот доктор ако имате некоја хронична болест, метаболно заболување, ако сте алергични на овој лек или на други лекови или ако користите други лекови.

Немојте да употребувате HEPATHROMBIN H супозитории ако:

- имате инфекција во перианалниот предел;
- имате склоност кон крварење;
- сте бремени или планирате бременост.

При употреба на Hepathrombin H посебно треба да го предупредите Вашиот доктор во следните случаи:

Нема посебни предупредувања за примена на Hepathrombin H супозитории. Сите информации за примената на овој лек видете ги во делот «Како се употребува *лекот Hepathrombin H»?*

Употреба на Hepathrombin H со храна или со пијалок

Не е значајно за овој лек.

Бременост и доење

Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете било каков лек.

Лекот Hepathrombin H супозитории не се препорачува за употреба за време на бременост. Hepathrombin H не смее да се употребува во рана бременост (видете го делот *Што треба да знаете пред да го употребите лекот Hepathrombin H?*). Лекот можете да го употребувате покасно во текот на бременоста (II и III триместер), но само кога е тоа неопходно, со превземање на посебни мерки на претпазливост и по претходна консултација со Вашиот доктор.

Во колку доите, можете да користите Hepathrombin H супозитории само со превземање на посебни мерки на претпазливост и по претходна консултација со Вашиот доктор.

Влијание врз способноста за возење на автомобил или ракување со машини

Нема податоци дека Hepathrombin H може да влијае на психофизичките способности при управување на моторно возило или употреба на машини.

Што треба да знаете во однос на помошните состојки кои ги содржи Hepathrombin H

Нема значајни информации за помошните состојки кои ги содржи овој лек.

Употреба на други лекови

Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт ако земате, или ако до неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт. Овие информации се многу важни бидејќи употребата на повеќе лекови во исто време може да го ослаби или појача нивното дејство.
Не се препорачува истовремена примена на Hepathrombin H со други препарати кои се применуваат ректално.

3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ЛЕКОТ HEPATHROMBIN H

Строго придржувајте се кон упатствата на докторот. Дозите не смеете да ги менувате или лекувањето да го прекинувате без да се посоветувате со Вашиот доктор. Ако сметате дека ефектот на лекот е премногу слаб или премногу силен, посоветувајте се со Вашиот доктор.

Дозирање
Hepathrombin H супозитории се применува еднаш на ден, после дефекација (празнење на цревата), во ректум (чмар). Кај пациенти со поизразени симптоми во текот на првиот ден од третманот може да се аплицира по една супозиторија, 2-3 пати на ден. Повеќе супозитории смее да се применат само во текот на првиот ден од третманот и само доколку постојат поизразени симптоми кај пациентот. Третманот со Hepathrombin H супозитории не треба да трае подолго од 7 дена. Доколку во овој период не дојде до подобрување на состојбата на пациентот треба да се направат испитувања за да се открие причината за појава на симптомите.

Начин на употреба
Примена на супозиториите Hepathrombin H:

- Пред примена на супозиториите потребно е да ги испразните цревата;
- Измијте ги рацете;
- Извадете ја супозиторијата (од пластичната фолија) од кутијата, искинете ја пластичната обвивка на означеното место;
- Легнете на колк, со колената прислонети на градниот кош;
- Нежно турнете ја супозиторијата (со врвот свртен кон напред) во чмарот (т.е.ректум - завршниот дел на цревата). Турнете ја супозиторијата што е можно подлабоко.
- По ставање на супозиторијата, останете во истата положба наредните неколку минути.
- Доколку чувствувате дека супозиторијата ќе излезе (чувство на отпор од страна на организмот), останете и понатаму во таа положба и притиснете ги бутовите што посилно. За лекот да се ресорбира (да премине во циркулацијата) важно е супозиторијата да остане во ректумот.
- Измијте ги рацете.

Ако сте зеле поголема доза од лекот отколку што е потребно:

Ако сте земале поголема доза од лекот отколку што треба, веднаш треба да се посоветувате со Вашиот доктор или фармацевт или обратете се до најблиската здравствена установа.

Ако сте заборавиле да земете Hepathrombin H:
Ако сте заборавиле да го земете лекот на време не се вознемирувајте. Земете го лекот веднаш штом ќе се сетите. Ако се наближува времето за земање на следната доза, изоставете ја пропуштената доза.
Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.

Ако нагло прекинете со употреба на Hepathrombin H
Не прекинувајте да го употребувате лекот без да се советувате со Вашиот доктор дури и ако забележите подобрување на Вашите симптоми.

Ако имате било какви дополнителни прашања во врска со лекот обратете се за совет кај Вашиот доктор или фармацевт.

4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА НА ЛЕКОТ HEPATHROMBIN H

Како и сите лекови, Hepathrombin H може да предизвика несакани дејства кај некои пациенти.
Долготрајна примена може да доведе до успорено зараснување на рани на кожата.
Исклучително ретко можат да се јават алергиски реакции (реакции на преосетливост) и знаци на локална иритација.

Ако забележите дека некое од несаканите дејства не се повлекува или Ве вознемирува, Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт.
Ако забележите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт.

5. ЧУВАЊЕ НА ЛЕКОТ HEPATHROMBIN H

Лекот да се чува на места недостапни за децата !
Да се чува на температура до 25°C.

Рок на употреба
3 (три) години.
Лекот не смее да се употребува по истекот на датумот на употреба што е наведен на пакувањето. Истекот на датумот на употреба е до последниот ден од месецот што е наведен на пакувањето.

Медицинските производи не треба да се одстрануваат со отпадната вода и домашното ѓубре. Прашајте го Вашиот фармацевт за совет како да ги одстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки придонесуваат да се заштити Вашата околина.

6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Што содржи HEPATHROMBIN H
Активна супстанција: хепарин-натриум, преднизолон ацетат и полидоканол.
Помошни состојки: триглицериди со среден ланец; силициум-диоксид, колоиден, безводен; глицеролтристеарат; цврста маст.

Како изгледа HEPATHROMBIN H и содржина на пакувањето
Супозитории. Бели супозитории со конусна форма.
Блистер од бела PVC /PE фолија.
Достапно е пакување со 2 блистери со по 5 супозитории.

Производител
HEMOFARM A.D., ул. Београдски пут бб, Вршац, Р.Србија

Место на производство
HEMOFARM A.D. Вршац, огранок погон Шабац, ул. Хајдук Вељкова бб, Шабац, Р.Србија

Носител на решението за промет
ХЕМОФАРМ А.Д. ФАРМАЦЕВТСКО - ХЕМИСКА ИНДУСТРИЈА ПРЕТСТАВНИШТВО СКОПЈЕ
ул. Јадранска Магистрала бр.31, Скопје, Р.Македонија

Број и датум на одобрението за ставање во промет
15-5415/14 од 11.11.2014

Датум на последна ревизија на упатството
Мај, 2015